Врз основа на членот 20 ставот 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19) постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер од барателот Училиштен одбор на ДСУ за рехабилитација и образование „Св. Наум Охридски“ – Скопје, иmателот на информацијата – Државниот испитен центар, го донесе следното

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР
QENDRA SHTETËRORE E PROVIMEVE
Бр.-Nr. 03-56/5
30.7. 2025 год.-viti
Скопје-Shkup

**РЕШЕНИЕ**

Барањето за пристап до информации од јавен карактер од барателот Училиштен одбор на ДСУ за рехабилитација и образование „Св. Наум Охридски“ – Скопје, испратено по е-пошта на 28.7.2025 година и евидентирано во Државниот испитен центар под бр. 03-55/5 од 28.7.2025 година **СЕ УВАЖУВА.**

**Образложение**

Барателот – Училиштен одбор на ДСУ за рехабилитација и образование „Св. Наум Охридски“ – Скопје поднесе по е-пошта барање до Државниот испитен центар за пристап до информации од јавен карактер кое е евидентирано во Државниот испитен центар под бр. 03-55/5 од 28.7.2025 година.

Во него, бара по е-пошта да се достави следната информација од јавен карактер:

1) Почитувани, со цел утврдување на регуларноста на потребната документација за аплицирање на оглас за директор во училиштето, Ве замолуваме да ни дадете информација за важноста и валидноста на уверенијата за директор кои ги издавате Вие – Државниот испитен центар, за лицата **J. C.** (уверение од 2018 г.) и **А. П.** (уверение од 2013 г.). Истите (фотокопии) се доставени во писмена форма во Државниот испитен центар. Двајцата кандидати се пријавени на јавен оглас за директор во ДСУ за рехабилитација и образование „Св. Наум Охридски“ – Скопје кој е распишан со одлука од Училишниот одбор бр. 02/224/2 од 02.06.2025 г.

Постапувајќи по барањето, Државниот испитен центар детално го разгледа и позитивно одговори согласно членот 20 ставот 1 и членот 21 ставот 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и до барателот ја дава следнава информација:

Во одговор на прашањето под точка 1) Валидноста и важноста на уверенијата се регулирани со Законот за обука и испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.

10/15, 145/15, 192/15, 30/16, 120/18 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 235/24) и во неговите одредби можете да ги пронајдете бараните информации. Особено Ве упатуваме кон членот 25 кој предвидува „Важноста на уверението за директор престанува доколку кандидатот за директор што го поседува не биде избран за директор во периодот од 5 години од денот на издавањето на уверението. Во случајот од ставот 1 на овој член кандидатот за директор има право да добие ново уверение со повторно следење на обуката и полагање на испитот за директор. За повторното следење на обуката и полагање на испитот, кандидатот за директор е должен да поднесе пријава за обука и пријава за испит и да ги уплати трошоците“. Исто и членот 37, „Кандидатите кои се стекнале со уверение за директор, согласно прописите кои важеле до денот на отпочнувањето на примената на овој Закон, должни се најдоцна до 1 септември 2020 година да го положат испитот за директор и да се стекнат со уверение за директор согласно одредбите од овој Закон.

Согласно барањето на барателот евидентирано во Државниот испитен центар под бр. 03-55/5 од 28.7.2025 година, а во врска со формата и начинот на доставување на информациите, на барателот одговорот – решението му се доставува преку е-пошта.

Со оглед на горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против ова решение дозволена е жалба до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

**ДИРЕКТОР НА ДРЖАВНИОТ**
**ИСПИТЕН ЦЕНТАР,**
**м-р Даниела Јовчевска Михајловска**

**Изготвила:** Сања Јосифовска

**Да се достави до:**
- барателот на информацијата и
- Архивата.